| MACEDONIAN FISHING FEDERATION<br>Bul. “Koco Racin” 75, Skopje<br>Republic of Macedonia<br>Tel./fax: +389 2 31 64 539<br>E.mail: contact@mrf1952.mk<br>Web site: www.mrf1952.mk | | МАКЕДОНСКА РИБОЛОВНА ФЕДЕРАЦИЈА<br>Бул. “ Кочо Рацин“ 75 Скопје,<br>Република Македонија<br>Тел/факс: +389 2 31 64 539<br>E.mail: contact@mrf1952.mk<br>Web site: www.mrf1952.mk |
|---|---|---|

# ДРЖАВЕН СПИН КУП 2025

## „ЛОВ НА РИБИ ГРАБЛИВКИ СО ВЕШТАЧКИ МАМКИ ОД БРЕГ “

Организатор: **Македонска Риболовна Федерација**

Домаќин: **РИБАР 2011**

Термин на одржување на натпреварот:

**12.10.2025** алтернативен термин **26.10.2025**

Категорија: **Сениори**

Конкуренција: **Поединечно**

Место: **риболовен ревир река Треска (Скопска)**

Право на учество на натпреварите во организиранизација на МРФ, во поединечна конкуренција имаат сите натпреварувачи регистрирани во здруженија членки на МРФ, кои навремено го извршиле пријавувањето, имаат решение за вршење на дејност спорт од Агенција за млади и спорт, матичното здружение да има уплатена членарина за тековната година на жиро сметка на МРФ најдоцна 7 (седум) дена пред почетокот на натпреварот на кој ќе учествуваат.

**Рок за пријавување: 07.10.2025**

**Рок за достава на документи за спортска легитимација: 07.10.2025**

Број на натпреварувачите е ограничен на 20 натпреварувачи.

Сите натпреварувачи мораат да бидат регистрирани спортски риболовци и да поседуваат спортска легитимација со маркица за 2025 година, согласно правилникот за регистрација на МРФ. Нерегистрираните членови немаат право на настап.

Натпреварот ќе трае вкупно 6 часа. Предвиден е улов на риба само од видот пастрмка.

За учество во натпреварот ќе се плаќа котизација од 1000 денари по натпреварувач.

## ПРОГРАМА

**Недела, 12.10.2025**

**7.00 до 7.30 часот** - Пристигнување на натпреварувачите на река Треска

**7.30 до 8.00 часот** - Порибување

**8.00 до 8.30 часот** - Ждрепка за позиции за прво коло и подготовка на натпреварувачите

**8.30 до 8.45 часот** – Прв Сигнал-Запознавање со патеката

**9.00 часот** - Почеток на прва рунда од натпреварот-втор сигнал

**9.45 часот** - Крај на прва рунда од натпреварот -трет сигнал

**10.00 часот-** Почеток на втора рунда од натпреварот-- четврт сигнал

**10.45 часот** - Крај на втора рунда од натпреварот-- петти сигнал

**11.00 часот** - Почеток на трета рунда од натпреварот-- шести сигнал

**11.45 часот-** Крај на трета рунда од натпреварот—седми сигнал

**12.00 часот** - Почеток на четврта рунда од натпреварот-- осми сигнал

**12.45 часот** - Крај на четврта рунда од натпреварот-- деветi сигнал

**13.00 часот –** Почеток на пета рунда од натпреварот-- десетти сигнал

**13.45 часот -** Крај на пета рунда од натпреварот-- единаесети сигнал

**14.00 часот –** Почеток на шеста рунда од натпреварот-- дванаесети сигнал

**14.45 часот -** Крај на шеста рунда од натпреварот-- тринаесети сигнал

**Напомена:**

На крајот од шестата рунда ќе се изврши прогласување на најдобрите во Државниот спин куп за 2025 година.

За фер и коректно спроведување на натпреварот Македонската риболовна федерација ќе ангажира судии, како и судии волонтери кои ќе им помагаат на судиите и натпреварувачите доколку имаат било каква потреба.

Судискиот колегиум ќе биде дополнително одреден.

Натпреварот ќе биде во еден сектор, со извлекување на позиции за секој натпреварувач одделно. Патеката ја одредува комисија од МРФ.

.